НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Народна банка на Република Македонија**

ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на првиот квартал од 2016 година

јуни 2016 година

**Бруто надворешниот долг** на крајот на март 2016 година изнесува 6.707 милиони евра и на квартална основа е зголемен за 354 милиони евра. Ова во најголем дел произлегува од зголемувањето на обврските на монетарната власт (централната банка) врз основа на репо-трансакциите на Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1]. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг е зголемен за 50 милиони евра, поради зголемувањето на долгот на државата за 34 милиони евра и на долгот на јавните претпријатија за 21 милион евра.

**Бруто надворешните побарувања** бележат квартално зголемување за 320 милиони евра, што во најголем дел е поврзано со зголемувањето на побарувањата врз основа на обратни репо-трансакции. Доколку се исклучи нивното влијание, бруто-побарувањата се зголемени за 17 милиони евра. Следствено, **нето надворешниот долг** во првиот квартал од 2016 година е зголемен за 33 милиони евра и изнесува 2.397 милиони евра.

Негативната **нето меѓународна инвестициска позиција**, во текот на првиот квартал од 2016 година, е зголемена за 58 милиони евра, што произлегува од споменатиот раст на нето-обврските врз основа на должнички инструменти (за 33 милиони евра), надополнет со растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 24 милиони евра). Со тоа, на крајот на првиот квартал на 2016 година, негативната нето МИП достигна 5.003 милиони евра, или 52,9% од проектираниот БДП. И натаму, најголемиот дел (82,9%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, во кои сопственичкиот капитал учествува со 71,1%.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите, се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми“) коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи истовремено се склучуваат, на нето-основа, овие трансакции имаат неутрален ефект, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските, и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.03.2016 | | 31.12.2015 | | квартална промена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **6,707.4** | **70.9** | **6,353.7** | **69.9** | **353.7** | **5.6** | **1.1** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***6,404.1*** | ***67.7*** | ***6,353.7*** | ***69.9*** | **50.4** | **0.8** | **-2.2** |
| Долгорочен долг | 5,027.2 | 53.2 | 4,958.7 | 54.5 | 68.5 | 1.4 | -1.4 |
| Краткорочен долг | 1,680.2 | 17.8 | 1,395.0 | 15.3 | 285.2 | 20.4 | 2.4 |
| Јавен долг | 3,282.3 | 34.7 | 2,935.4 | 32.3 | 346.9 | 11.8 | 2.4 |
| Приватен долг | 3,425.2 | 36.2 | 3,418.3 | 37.6 | 6.8 | 0.2 | -1.4 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,310.3** | **45.6** | **3,990.0** | **43.9** | **320.3** | **8.0** | **1.7** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***4,007.0*** | ***42.4*** | ***3,990.0*** | ***43.9*** | **17.0** | **0.4** | **-1.5** |
| **Нето надворешен долг** | **2,397.1** | **25.35** | **2,363.7** | **26.00** | **33.4** | **1.4** | **-0.6** |
| **МИП, нето** | **-5,002.8** | **-52.9** | **-4,945.3** | **-54.4** | **-57.6** | **1.2** | **1.5** |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 10.6.2016 година. Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.




Извор: НБРМ.

На 31 март 2016 година, бруто надворешниот долг достигна 6.707 милиони евра, или 70,9% од проектираниот БДП за оваа година. Притоа, во првиот квартал од годината бележиме раст на долгот за 354 милиони евра (или 5,6%), главно како резултат на репо-трансакциите на централната банка. Со нивно исклучување, долгот на квартална основа би бил повисок за само 50 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Во првиот квартал на 2016 година е забележан пораст на учеството на јавниот бруто надворешен долг за 2,7 п.п. во структурата на вкупниот бруто долг, но и натаму минимално преовладува учеството на приватниот надворешен долг.

## Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на првиот квартал од 2016 година




Извор: НБРМ.

И покрај зголеменото учество на краткорочниот долг (за 3,1 п.п.), рочната структура на бруто надворешниот долг и натаму е поволна, при што 3/4 од вкупниот долг отпаѓаат на долгорочниот долг.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори што се носители на обврските, најголемиот дел од бруто надворешниот долг отпаѓа на државата (31,7%) и останатите сектори (30,5%, главно нефинансиски трговски друштва). Долгот кон капитално поврзаните субјекти сочинува 23,6% од вкупниот надворешен долг.




Извор: НБРМ.

Структурата по должнички инструменти покажува дека најголемиот дел, или 67,6% од бруто надворешната задолженост на земјата е врз основа на заеми, по што следува задолженоста врз основа на трговски кредити (16,7%) и должнички хартии од вредност (11,5%).




Извор: НБРМ.

И натаму, најголемиот дел од обврските врз основа на заеми, како најзастапен должнички инструмент, е договорен во евра (81,5%).




Извор: НБРМ.

Порастот на вкупниот бруто надворешен долг во првиот квартал на 2016 година во најголем дел произлегува од зголемениот јавен долг (за 347 милиони евра), при минимален пораст на приватниот долг (за 7 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на вкупниот јавен надворешен долг се должи на зголемениот долг на монетарната власт, во износ од 302 милиона евра, зголемениот долг на државата за 34 милиони евра, како и на зголемените обврски на јавните претпријатија за 21 милион евра, додека кај јавните банки има намалување на обврските за 10 милиони евра.

## Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на првиот квартал од 2016 година




Извор: НБРМ.

Зголемувањето на приватниот надворешен долг е резултат на порастот на долгот кон капитално поврзаните субјекти (за 27 милиони евра), при намалување на долгот на приватните банки (за 13 милиони евра) и небанкарскиот приватен сектор (за 7 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Анализирано според институционалните сектори, главен носител на растот на вкупната задолженост е порастот на краткорочните обврски на централната банка врз основа на репо-трансакции, по што следува зголемувањето на долгот на државата и долгот на останатите сектори (кон капитално поврзани и неповрзани субјекти), наспроти намалувањето на долгот на депозитните институции.




Извор: НБРМ.

Бруто надворешните побарувања во првиот квартал на 2016 година забележаа пораст од 320 милиони евра (8,0%) и на 31.3.2016 година достигнаа 4.310 милиони евра, односно 45,6% од проектираниот БДП за оваа година.




Извор: НБРМ.

Во првиот квартал на 2016 година е забележано поместување во структурата на побарувањата за 2,6 п.п. во корист на јавните бруто надворешни побарувања, со што тие и натаму преовладуваат во структурата на вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Краткорочните побарувања во првиот квартал од 2016 година бележат раст на учеството за 4,6 п.п., со што достигнаа 53,9% од вкупните побарувања.




Извор: НБРМ.

Повеќе од половината од бруто надворешните побарувања ѝ припаѓаат на централната банка (54,1%). Потоа следуваат побарувањата на останатите сектори (главно нефинансиски трговски друштва) со 21,9% и на депозитните институции со 14,7%.




Извор: НБРМ.

Од аспект на инструментите, најголемиот дел од бруто надворешните побарувања се врз основа на должнички хартии од вредност (40,3%), трговски кредити и аванси (25,1%), валути и депозити (20,9%) и заеми (13,5%).




Извор: НБРМ

Растот на вкупните бруто надворешни побарувања во првиот квартал на 2016 година во најголем дел се должи на зголемените јавни побарувања (за 277 милиони евра, што главно произлегува од растот на пласманите на централната банка преку обратни репо-трансакции). Приватните побарувања бележат квартално зголемување од 43 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Приватните надворешни побарувања во првиот квартал на 2016 година се зголемени за 43 милиони евра, за што придонесоа зголемените побарувања од капитално поврзаните субјекти (за 28 милиони евра) и побарувањата на небанкарскиот приватен сектор (за 23 милиони евра), додека побарувањата на приватните банки се намалени за 7 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, главен двигател на кварталниот раст на побарувањата е централната банка (за 282 милиона евра), потоа следуваат побарувањата од капитално поврзаните субјекти и побарувањата на останатите сектори, додека кај побарувањата на депозитните институции и државата е забележан минимален квартален пад.




Извор:НБРМ.

Поизразениот раст на бруто-долгот во однос на растот на бруто-побарувањата во првиот квартал од 2016 година доведе до зголемување на нето надворешниот долг за 33 милиони евра (1,4%). Оттука, нето-долгот на 31.3.2016 година достигна износ од 2.397 милиони евра (или 25,4% од БДП).




Извор:НБРМ.

Најголемиот дел од нето-долгот (60,8%) е долг на приватниот сектор. Сепак, главен двигател на кварталниот раст е јавниот нето-долг, којшто е зголемен за 70 милиони евра, во услови на квартално намалување на приватниот нето-долг за 36 милиони евра.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на првиот квартал од 2016 година




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, само централната банка и депозитните институции се нето-кредитори кон странство. И натаму најголемиот нето-должник е државата, а по неа следува нето-долгот на капитално поврзаните субјекти и нето-долгот на останатите сектори.




Извор: НБРМ.

Во текот на првиот квартал на 2016 година, негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) се зголеми за 58 милиони евра (1,2%) во однос на крајот на 2015 година, достигнувајќи 5.003 милиони евра. Сепак, гледано преку релативниот показател, негативната нето МИП како процент од БДП бележи намалување (за 1,5 п.п.).




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на нето МИП, и натаму најголемиот дел (82,9%) од негативната нето МИП претставуваат нето-обврските врз основа на директни инвестиции, од кои 71,1% се врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Кварталниот раст на негативната нето МИП од 58 милиони евра произлегува од поголемиот раст на обврските (за 412 милиони евра), во споредба со растот на средствата (за 354 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Гледано по инструменти, кварталната промена на нето МИП произлегува од растот на нето-обврските врз основа на должнички и сопственички инструменти (за 33 и 24 милиони евра, соодветно).




Извор: НБРМ.

Растот на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти во целост се должи на растот на нето-обврските кај сопственичкиот капитал од директни инвестиции (за 57 милиони евра), којшто делумно е нетиран со растот на побарувањата врз основа на монетарно злато (за 26 милиони евра, во најголем дел поради курсни промени) и со нето-растот на вложувањата во сопственички инструменти во рамки на портфолио-инвестициите (за 7 милиони евра).

# ПРИЛОГ ТАБЕЛИ

Табела 1

## Бруто надворешен долг

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | Кв.1 2016 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 158.7 | 169.1 | 163.3 | 157.7 | 139.9 | 153.4 | 134.3 | 148.5 | 136.1 | -12.3 | -8.3 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 165.6 | 164.8 | 680.8 | 674.4 | 689.1 | 660.8 | 653.3 | 756.9 | 771.8 | 14.9 | 2.0 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 4,133.8 | 4,255.1 | 4,323.5 | 3,981.8 | 4,183.0 | 4,269.7 | 4,235.6 | 4,164.3 | 4,536.8 | 372.5 | 8.9 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,092.5 | 1,077.0 | 1,087.6 | 1,040.1 | 1,096.1 | 1,133.0 | 1,074.7 | 1,140.8 | 1,121.0 | -19.8 | -1.7 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 6.3 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 60.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 73.7 | 74.5 | 76.6 | 78.2 | 83.5 | 82.9 | 82.2 | 83.2 | 81.6 | -1.6 | -1.9 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,630.4** | **5,746.8** | **6,338.0** | **5,992.3** | **6,251.5** | **6,359.8** | **6,240.1** | **6,353.7** | **6,707.4** | **353.7** | **5.6** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 1,625.9 | 1,604.7 | 2,147.2 | 2,125.6 | 2,020.7 | 1,976.6 | 1,981.4 | 2,092.3 | 2,126.3 | 34.1 | 1.6 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 378.0 | 378.6 | 381.5 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 361.4 | 83.2 | 385.0 | 301.7 | 362.6 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 384.1 | 468.2 | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 606.1 | 607.9 | 582.8 | 614.4 | 601.9 | 608.4 | 582.0 | 585.9 | 563.3 | -22.6 | -3.9 |
| Останати сектори | 1,321.9 | 1,347.0 | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,792.6 | 1,905.3 | 1,928.3 | 1,879.8 | 1,952.8 | 1,989.3 | 1,970.5 | 2,032.7 | 2,046.5 | 13.8 | 0.7 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 682.7 | 837.6 | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,227.9 | 1,250.3 | 1,298.2 | 1,294.2 | 1,339.4 | 1,373.6 | 1,344.8 | 1,559.6 | 1,586.2 | 26.6 | 1.7 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,630.4** | **5,746.8** | **6,338.0** | **5,992.3** | **6,251.5** | **6,359.8** | **6,240.1** | **6,353.7** | **6,707.4** | **353.7** | **5.6** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **48.8** | **55.9** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.0** | **66.0** | **67.4** | **74.3** | **70.3** | **68.8** | **70.0** | **68.6** | **69.9** | **70.9** | | **1.1** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***3,304.2*** | ***3,780.4*** | ***4,105.7*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,326.1*** | ***5,442.7*** | ***6,033.1*** | ***5,992.3*** | ***5,998.3*** | ***6,030.8*** | ***5,960.9*** | ***6,353.7*** | ***6,404.1*** | ***50.4*** | ***0.8*** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП %*** | ***48.8*** | ***55.9*** | ***57.8*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.0*** | ***62.4*** | ***63.8*** | ***70.7*** | ***70.3*** | ***66.0*** | ***66.3*** | ***65.6*** | ***69.9*** | ***67.7*** | | ***-2.2*** |
| Долгорочен долг | 2,141.6 | 2,538.1 | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 3,947.4 | 4,037.0 | 4,636.2 | 4,654.6 | 4,658.1 | 4,650.6 | 4,657.8 | 4,958.7 | 5,027.2 | 68.5 | 1.4 |
| Краткорочен долг | 1,162.6 | 1,242.2 | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,683.0 | 1,709.8 | 1,701.8 | 1,337.7 | 1,593.5 | 1,709.2 | 1,582.3 | 1,395.0 | 1,680.2 | 285.2 | 20.4 |
| Долгорочен долг% | 64.8 | 67.1 | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 70.1 | 70.2 | 73.1 | 77.7 | 74.5 | 73.1 | 74.6 | 78.0 | 74.9 | | -3.1 |
| Краткорочен долг% | 35.2 | 32.9 | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 29.9 | 29.8 | 26.9 | 22.3 | 25.5 | 26.9 | 25.4 | 22.0 | 25.1 | | 3.1 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.6 | 37.5 | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.1 | 46.3 | 47.3 | 54.4 | 54.6 | 51.2 | 51.2 | 51.2 | 54.5 | 53.2 | | -1.4 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.2 | 18.4 | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 14.9 | 19.7 | 20.0 | 20.0 | 15.7 | 17.5 | 18.8 | 17.4 | 15.3 | 17.8 | | 2.4 |
| **Јавен долг** | **1,109.9** | **1,324.9** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,505.0** | **2,582.6** | **3,141.6** | **2,846.8** | **3,024.7** | **3,059.8** | **3,036.6** | **2,935.4** | **3,282.3** | **346.9** | **11.8** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 1,625.9 | 1,604.7 | 2,147.2 | 2,125.6 | 2,020.7 | 1,976.6 | 1,981.4 | 2,092.3 | 2,126.3 | 34.1 | 1.6 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 378.0 | 378.6 | 381.5 | 78.2 | 336.7 | 411.9 | 361.4 | 83.2 | 385.0 | 301.7 | 362.6 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 501.1 | 599.3 | 612.9 | 643.0 | 667.2 | 671.3 | 693.8 | 759.9 | 770.9 | 11.0 | 1.5 |
| **Приватен долг** | **2,194.2** | **2,455.5** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,125.4** | **3,164.2** | **3,196.4** | **3,145.5** | **3,226.9** | **3,300.0** | **3,203.5** | **3,418.3** | **3,425.2** | **6.8** | **0.2** |
| Јавен долг% | 33.6 | 35.0 | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 44.5 | 44.9 | 49.6 | 47.5 | 48.4 | 48.1 | 48.7 | 46.2 | 48.9 | | 2.7 |
| Приватен долг% | 66.4 | 65.0 | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 55.5 | 55.1 | 50.4 | 52.5 | 51.6 | 51.9 | 51.3 | 53.8 | 51.1 | | -2.7 |
| Јавен долг/БДП % | 16.4 | 19.6 | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.7 | 29.4 | 30.3 | 36.8 | 33.4 | 33.3 | 33.7 | 33.4 | 32.3 | 34.7 | | 2.4 |
| Приватен долг/БДП % | 32.4 | 36.3 | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.4 | 36.6 | 37.1 | 37.5 | 36.9 | 35.5 | 36.3 | 35.2 | 37.6 | 36.2 | | -1.4 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 10.6.2016). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела2

## Бруто надворешни побарувања

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | Кв.1 2016 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 643.0 | 778.5 | 846.3 | 896.5 | 874.4 | 799.1 | 837.0 | 900.8 | 901.4 | 0.6 | 0.1 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,610.6 | 1,395.3 | 1,945.6 | 1,943.7 | 1,840.9 | 1,805.4 | 1,722.4 | 1,767.0 | 1,738.0 | -28.9 | -1.6 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 801.5 | 763.6 | 730.4 | 286.7 | 518.9 | 612.2 | 549.1 | 246.7 | 580.5 | 333.8 | 135.3 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 930.3 | 1,012.8 | 1,051.6 | 1,014.5 | 1,064.4 | 1,049.5 | 1,126.4 | 1,069.0 | 1,083.9 | 14.9 | 1.4 |
| Останати побарувања | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.8 | 0.0 | 1.9 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 3.8 | 3.9 | 4.1 | 4.3 | 5.0 | 4.8 | 4.7 | 4.8 | 4.7 | -0.1 | -2.1 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **3,990.7** | **3,955.5** | **4,579.5** | **4,147.2** | **4,305.2** | **4,272.7** | **4,241.4** | **3,990.0** | **4,310.3** | **320.3** | **8.0** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 44.0 | 44.5 | 47.7 | 49.8 | 51.0 | 41.4 | 26.4 | 16.6 | 11.7 | -5.0 | -29.9 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,040.3 | 1,966.8 | 2,533.2 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 2,247.0 | 2,049.0 | 2,331.2 | 282.3 | 13.8 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.6 | 496.8 | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 538.2 | 532.4 | 586.0 | 641.1 | 619.4 | 601.4 | 616.5 | 641.4 | 634.0 | -7.3 | -1.1 |
| Останати сектори | 507.0 | 440.2 | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 809.7 | 883.0 | 904.1 | 875.1 | 929.0 | 911.2 | 978.9 | 922.1 | 944.9 | 22.8 | 2.5 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани претпријатија | 133.3 | 194.6 | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 558.5 | 528.9 | 508.6 | 360.3 | 335.4 | 365.7 | 372.7 | 361.0 | 388.5 | 27.5 | 7.6 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **3,990.7** | **3,955.5** | **4,579.5** | **4,147.2** | **4,305.2** | **4,272.7** | **4,241.4** | **3,990.0** | **4,310.3** | **320.3** | **8.0** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.3** | **37.9** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.5** | **46.8** | **46.4** | **53.7** | **48.6** | **47.4** | **47.0** | **46.7** | **43.9** | **45.6** | | **1.7** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО*** | ***2,392.5*** | ***2,561.4*** | ***2,956.1*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***3,686.4*** | ***3,651.4*** | ***4,273.3*** | ***4,147.2*** | ***4,052.0*** | ***3,943.7*** | ***3,962.5*** | ***3,990.0*** | ***4,007.0*** | ***17.0*** | ***0.4*** |
| ***Бруто надворешни побарувања без РЕПО/БДП %*** | ***35.3*** | ***37.9*** | ***41.6*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.5*** | ***43.2*** | ***42.8*** | ***50.1*** | ***48.6*** | ***44.6*** | ***43.4*** | ***43.6*** | ***43.9*** | ***42.4*** | | ***-1.5*** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.2 | 1,087.9 | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,079.4 | 1,833.1 | 2,348.4 | 2,235.6 | 2,104.9 | 2,069.7 | 1,969.6 | 2,020.6 | 1,986.3 | -34.4 | -1.7 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.3 | 1,473.5 | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.3 | 2,122.4 | 2,231.1 | 1,911.6 | 2,200.3 | 2,203.0 | 2,271.8 | 1,969.4 | 2,324.0 | 354.7 | 18.0 |
| Долгорочни побарувања% | 50.1 | 42.5 | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 52.1 | 46.3 | 51.3 | 53.9 | 48.9 | 48.4 | 46.4 | 50.6 | 46.1 | | -4.6 |
| Краткорочни побарувања% | 49.9 | 57.5 | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 47.9 | 53.7 | 48.7 | 46.1 | 51.1 | 51.6 | 53.6 | 49.4 | 53.9 | | 4.6 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.7 | 16.1 | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.7 | 24.4 | 21.5 | 27.5 | 26.2 | 23.2 | 22.8 | 21.7 | 22.2 | 21.0 | | -1.2 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.6 | 21.8 | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.8 | 22.4 | 24.9 | 26.2 | 22.4 | 24.2 | 24.2 | 25.0 | 21.7 | 24.6 | | 2.9 |
| **Јавни побарувања** | **1,361.5** | **1,429.8** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,084.3** | **2,011.2** | **2,580.8** | **2,270.6** | **2,421.4** | **2,394.4** | **2,273.4** | **2,065.6** | **2,342.9** | **277.3** | **13.4** |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 44.0 | 44.5 | 47.7 | 49.8 | 51.0 | 41.4 | 26.4 | 16.6 | 11.7 | -5.0 | -29.9 |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,040.3 | 1,966.8 | 2,533.2 | 2,220.8 | 2,370.4 | 2,353.0 | 2,247.0 | 2,049.0 | 2,331.2 | 282.3 | 13.8 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | |
| **Приватни побарувања** | **1,030.9** | **1,131.6** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,906.4** | **1,944.3** | **1,998.7** | **1,876.5** | **1,883.8** | **1,878.3** | **1,968.0** | **1,924.4** | **1,967.4** | **43.0** | **2.2** |
| Јавни побарувања% | 56.9 | 55.8 | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 52.2 | 50.8 | 56.4 | 54.8 | 56.2 | 56.0 | 53.6 | 51.8 | 54.4 | | 2.6 |
| Приватни побарувања% | 43.1 | 44.2 | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 47.8 | 49.2 | 43.6 | 45.2 | 43.8 | 44.0 | 46.4 | 48.2 | 45.6 | | -2.6 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.1 | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.7 | 24.4 | 23.6 | 30.3 | 26.6 | 26.6 | 26.3 | 25.0 | 22.7 | 24.8 | | 2.1 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.2 | 16.7 | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.8 | 22.4 | 22.8 | 23.4 | 22.0 | 20.7 | 20.7 | 21.6 | 21.2 | 20.8 | | -0.4 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 10.6.2016). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

Табела 3

## Нето надворешен долг

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | Кв.1 2014 | Кв.2 2014 | Кв.3 2014 | Кв.4 2014 | Кв.1 2015 | Кв.2 2015 | Кв.3 2015 | Кв.4 2015 | Кв.1 2016 | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -484.3 | -609.4 | -682.9 | -738.8 | -734.5 | -645.7 | -702.7 | -752.3 | -765.3 | -13.0 | 1.7 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,445.1 | -1,230.4 | -1,264.8 | -1,269.3 | -1,151.9 | -1,144.5 | -1,069.2 | -1,010.0 | -966.2 | 43.8 | -4.3 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,332.2 | 3,491.5 | 3,593.1 | 3,695.1 | 3,664.1 | 3,657.5 | 3,686.4 | 3,917.6 | 3,956.3 | 38.7 | 1.0 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 162.2 | 64.2 | 35.9 | 25.7 | 31.7 | 83.4 | -51.7 | 71.8 | 37.1 | -34.7 | -48.3 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 4.8 | 4.8 | 4.7 | 58.5 | 58.4 | 58.3 | 58.3 | 58.3 | 58.3 | 0.0 | -0.1 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 69.9 | 70.6 | 72.5 | 73.9 | 78.5 | 78.1 | 77.5 | 78.4 | 77.0 | -1.5 | -1.9 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,639.7** | **1,791.3** | **1,758.5** | **1,845.1** | **1,946.3** | **2,087.1** | **1,998.7** | **2,363.7** | **2,397.1** | **33.4** | **1.4** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 1,581.9 | 1,560.2 | 2,099.6 | 2,075.8 | 1,969.8 | 1,935.2 | 1,955.0 | 2,075.6 | 2,114.7 | 39.1 | 1.9 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -1,662.3 | -1,588.1 | -2,151.7 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | -1,885.6 | -1,965.8 | -1,946.3 | 19.5 | -1.0 |
| Депозитни институции, освен централна бан | -6.6 | -28.6 | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | 67.8 | 75.4 | -3.2 | -26.7 | -17.5 | 7.1 | -34.4 | -55.4 | -70.7 | -15.3 | 27.6 |
| Останати сектори | 814.9 | 906.8 | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 982.9 | 1,022.4 | 1,024.3 | 1,004.7 | 1,023.8 | 1,078.1 | 991.6 | 1,110.6 | 1,101.6 | -9.0 | -0.8 |
| Директни инвестиции: Заеми меѓу поврзани субјекти | 549.4 | 643.0 | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 669.4 | 721.4 | 789.5 | 933.9 | 1,004.0 | 1,007.9 | 972.1 | 1,198.6 | 1,197.7 | -0.9 | -0.1 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,639.7** | **1,791.3** | **1,758.5** | **1,845.1** | **1,946.3** | **2,087.1** | **1,998.7** | **2,363.7** | **2,397.1** | **33.4** | **1.4** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.5** | **18.0** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.6** | **19.2** | **21.0** | **20.6** | **21.6** | **21.4** | **23.0** | **22.0** | **26.0** | **25.4** | | **-0.6** |
| Долгорочен долг | 942.4 | 1,450.2 | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 1,868.0 | 2,203.9 | 2,287.8 | 2,419.1 | 2,553.2 | 2,580.9 | 2,688.2 | 2,938.1 | 3,040.9 | 102.8 | 3.5 |
| Краткорочен долг | -30.7 | -231.3 | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -228.3 | -412.6 | -529.3 | -574.0 | -606.9 | -493.8 | -689.5 | -574.4 | -643.8 | -69.4 | 12.1 |
| Долгорочен долг% | 103.4 | 119.0 | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 113.9 | 123.0 | 130.1 | 131.1 | 131.2 | 123.7 | 134.5 | 124.3 | 126.9 | | 2.6 |
| Краткорочен долг% | -3.4 | -19.0 | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -13.9 | -23.0 | -30.1 | -31.1 | -31.2 | -23.7 | -34.5 | -24.3 | -26.9 | | -2.6 |
| Долгорочен долг/БДП % | 13.9 | 21.4 | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.4 | 21.9 | 25.8 | 26.8 | 28.4 | 28.1 | 28.4 | 29.6 | 32.3 | 32.2 | | -0.2 |
| Краткорочен долг/БДП % | -0.5 | -3.4 | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.8 | -2.7 | -4.8 | -6.2 | -6.7 | -6.7 | -5.4 | -7.6 | -6.3 | -6.8 | | -0.5 |
| **Јавен долг** | **-251.6** | **-104.9** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **420.7** | **571.4** | **560.8** | **576.1** | **603.3** | **665.4** | **763.2** | **869.8** | **939.4** | **69.6** | **8.0** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 1,581.9 | 1,560.2 | 2,099.6 | 2,075.8 | 1,969.8 | 1,935.2 | 1,955.0 | 2,075.6 | 2,114.7 | 39.1 | 1.9 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -1,662.3 | -1,588.1 | -2,151.7 | -2,142.7 | -2,033.7 | -1,941.1 | -1,885.6 | -1,965.8 | -1,946.3 | 19.5 | -1.0 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 501.1 | 599.3 | 612.9 | 643.0 | 667.2 | 671.3 | 693.8 | 759.9 | 770.9 | 11.0 | 1.5 |
| **Приватен долг** | **1,163.3** | **1,323.9** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,219.0** | **1,219.9** | **1,197.7** | **1,268.9** | **1,343.0** | **1,421.7** | **1,235.5** | **1,493.9** | **1,457.7** | **-36.2** | **-2.4** |
| Јавен долг% | -27.6 | -8.6 | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 25.7 | 31.9 | 31.9 | 31.2 | 31.0 | 31.9 | 38.2 | 36.8 | 39.2 | | 2.4 |
| Приватен долг% | 127.6 | 108.6 | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 74.3 | 68.1 | 68.1 | 68.8 | 69.0 | 68.1 | 61.8 | 63.2 | 60.8 | | -2.4 |
| Јавен долг/БДП % | -3.7 | -1.6 | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 4.9 | 6.7 | 6.6 | 6.8 | 6.6 | 7.3 | 8.4 | 9.6 | 9.9 | | 0.4 |
| Приватен долг/БДП % | 17.2 | 19.6 | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.6 | 14.3 | 14.3 | 14.0 | 14.9 | 14.8 | 15.6 | 13.6 | 16.4 | 15.4 | | -1.0 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 10.6.2016). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија, на крајот на првиот квартал од 2016 година

Табела 4

## Меѓународна инвестициска позиција

(милиони евра)

| | | | | | | | | | | | | | | | квартална промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **Кв.1-2014** | **Кв.2-2014** | **Кв.3-2014** | **Кв.4-2014** | **Кв.1-2015** | **Кв.2-2015** | **Кв.3-2015** | **Кв.4-2015** | **Кв.1-2016** | **во мил. евра** | **во %/ п.п.** |
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,590.0** | **-4,660.3** | **-4,552.2** | **-4,549.0** | **-4,611.8** | **-4,801.4** | **-4,761.5** | **-4,945.3** | **-5,002.8** | **-57.6** | **1.2** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,082.5 | 4,404.0 | 4,392.5 | 5,034.1 | 4,634.0 | 4,831.3 | 4,790.3 | 4,755.6 | 4,521.6 | 4,875.9 | 354.3 | 7.8 |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,640.8 | 8,993.9 | 9,052.7 | 9,586.3 | 9,183.0 | 9,443.1 | 9,591.8 | 9,517.2 | 9,466.8 | 9,878.7 | 411.9 | 4.4 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48.2** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-55.9** | **-53.8** | **-54.6** | **-53.4** | **-53.3** | **-50.7** | **-52.8** | **-52.4** | **-54.4** | **-52.9** | | **1.5** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,561.0 | -1,577.9 | -1,556.3 | -2,095.6 | -2,071.9 | -1,965.8 | -1,931.2 | -1,951.0 | -2,071.7 | -2,110.7 | -39.1 | 1.9 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 1,920.4 | 1,868.1 | 1,799.1 | 2,360.3 | 2,358.9 | 2,272.0 | 2,172.6 | 2,105.5 | 2,179.2 | 2,185.4 | 6.2 | 0.3 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -580.1 | -604.9 | -621.2 | -550.6 | -534.5 | -542.7 | -566.9 | -525.0 | -499.7 | -483.9 | 15.8 | -3.2 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,337.6 | -4,275.2 | -4,282.0 | -4,266.3 | -4,301.6 | -4,375.4 | -4,475.9 | -4,391.1 | -4,553.1 | -4,593.5 | -40.4 | 0.9 |
| *Инструменти* | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,867.9 | -3,839.5 | -3,824.4 | -3,825.5 | -3,902.7 | -3,974.9 | -4,019.8 | -4,023.8 | -4,089.9 | -4,146.2 | -56.3 | 1.4 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -145.5 | -147.6 | -137.8 | -643.2 | -621.7 | -617.8 | -590.4 | -580.2 | -648.3 | -657.3 | -9.0 | 1.4 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.2 | -3.3 | -3.4 | -3.5 | -3.5 | -3.6 | -3.6 | -3.6 | -3.6 | 0.0 | 0.9 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 371.6 | 362.8 | 345.9 | 405.6 | 466.0 | 463.2 | 431.8 | 461.8 | 467.0 | 473.5 | 6.5 | 1.4 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,791.8 | -2,818.6 | -2,891.5 | -2,907.3 | -2,926.3 | -2,842.4 | -2,838.1 | -2,876.6 | -2,904.1 | -2,945.7 | -41.6 | 1.4 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -42.9 | -12.7 | 50.9 | 61.6 | 79.4 | 90.6 | 45.0 | 153.9 | 53.3 | 89.9 | 36.6 | 68.6 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.8 | 0.0 | 1.9 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 1,941.2 | 1,873.0 | 2,435.0 | 2,436.5 | 2,354.8 | 2,254.8 | 2,187.4 | 2,261.8 | 2,266.3 | 4.6 | 0.2 |
| Специјални права на влечење, нето | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -73.2 | -73.7 | -74.5 | -76.6 | -78.2 | -83.5 | -82.9 | -82.2 | -83.2 | -81.6 | 1.6 | -1.9 |

*/ Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2015 година е проценет (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 10.6.2016). Податокот за 2016 година е проекција на НБРМ

Извор: НБРМ.